*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ШТИП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник<br>на Општина Штип<br>Излегува по потреба | Број 2<br>2 февруари 2011 година<br>Ш т и п | ГОДИНА XLVIII |

32.

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 52/05), член 105 од Законот за работни односи-пречистен текст („Службен весник на РМ” број 158/10), член 39 од Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на Република Македонија („Службен весник на РМ” број 53/95) и член 36 став 1 алинеја 9 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), градоначалникот на Општина Штип на **2 февруари 2011 година**, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПЛАТИ, ДОДАТОК НА ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТИ НА ВРАБОТЕНИТЕ КОИ ВРШАТ АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕХНИЧКИ РАБОТИ И ПОМОШНИ РАБОТИ ВО ОПШТИНА ШТИП

### Член 1

Во Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во Општина Штип, во член 4 работното место **одговорен за возен парк** од занимање од IV група се префрлува во занимање од VI група со вкупно 420 бода.

### Член 2

Правилникот за измена на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во Општина Штип ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип”, а ќе се применува осмиот ден по објавувањето.

| | |
|---|---|
| Број 04-4368/2 | Општина Штип |
| 2 февруари 2011 година | Градоначалник |
| Ш т и п | д-р Зоран Алексов, с. р. |

---

СОДРЖИНА


| Р.бр. | | страна/број |
|---|---|---|
| 32. | Правилник за измена на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во Општина Штип | 29/2 |